РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
Бр. 0201-647/25
25.06.18 год
ШТИП

Врз основа на член 94 од Законот за високото образование („Службен весник на Р. Македонија“ бр. 82/18), **Универзитетскиот сенат** на **150-та** седница, одржана на 25.06.2018 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Годишниот план за Јавни набавки за 2018 година

I. За извршување на функциите на Универзитетот,, Гоце Делчев” во Штип, потребно е да се изврши изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2018 год и тоа :

**а) Во делот II – Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки:**

1. Се додава нова точка 30 – **Набавка на лабораториска опрема за Биохемиската лабораторија на Факултетот за медицински науки по НАТО проект со оригинален наслов: “A Field Detector for Genotoxicity from CBRN and Explosive Devices” или наслов на македонски јазик„Теренски детектор за генотоксичност од хемиски, биолошки, радиолошки, нуклеарни и експлозивни направи“по Договор бр. SPS G5266 за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип** во вредност од 215.000,оо денари без ДДВ и вид на постапка – постапка со барање за прибирање на понуди.

Оваа набавка се реализира **по (конто) 423.**

1. Се додава нова точка 31 – **Набавка на лабораториски потрошни материјали и хемикалии по НАТО проект со оригинален наслов: “A Field Detector for Genotoxicity from CBRN and Explosive Devices” или наслов на македонски јазик„Теренски детектор за генотоксичност од хемиски, биолошки, радиолошки, нуклеарни и експлозивни направи“по Договор бр. SPS G5266 за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип** во вредност од 693.000,00 денари без ДДВ и вид на постапка – постапка со барање за прибирање на понуди.

Оваа набавка се реализира **по (конто) 423.**

**б) Во делот II – Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги:**

1. Се додава нова точка 36 – **Набавка на услуги за изработка на дипломи за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип** во вредност од 200.000,оо денари без ДДВ односно 236.000,оо со ДДВ и вид на постапка – постапка со барање за прибирање на понуди.

Оваа набавка се реализира **по (конто) 425.**

**в) Во делот III – Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи:**

2. Се менува точка 5 – **Изградба на стакленик во атриум на Кампус 2** во делот на проценетата вредност каде што од 300.000,оо денари без ДДВ односно 354.000,оо денари со ДДВ се менува и изнесува 500.000,оо денари без ДДВ односно 590.000,оо денари со ДДВ и вид на постапка – постапка со барање за прибирање на понуди.

Оваа набавка се реализира **по (конто) 482.**

3. Се додава нова точка 7 – **Изградба на рампа за паркинг на Кампус 2 за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип** во вредност од 400.000,оо денари без ДДВ односно 472.000,оо со ДДВ и вид на постапка – постапка со барање за прибирање на понуди.

Оваа набавка се реализира **по (конто) 482.**

II. За реализација на потребата од набавка од точка I од оваа Одлука средствата се обезбедени од Буџетот на Р. Македонија и сопствени приходи.

III. Се задолжува комисијата за јавни набавки и одделот за јавни набавки да ја спроведат оваа одлука согласно одредбите од Законот за јавни набавки, а за одделните набавки ќе се донесат посебни одлуки.

IV. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на Универзитетски сенат
Ректор,
Проф. д-р Блажо Боев

**Изработил:** Секретар на оддел за јавни набавки
Ирена Рибарева

**Прегледал:** Генерален секретар,
М-р Ристо Костуранов

Рак. на оддел за сметководство
Павлина Спасова

**Одобрил:** Проректор за инвестиции, одржување и развој
Проф. д-р Дејан Мираковски

Со важност од 11.03.2013 година